РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4398/2
19-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-мата седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4398/1 од 28.12.2020 година, со наводи за неправилности сторени од страна на повеќе лица кои наводно се работно ангажирани за потребите на ЈЗУ Центар за јавно здравје ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-4398/1 од 28.12.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител на ден 28.12.2020 година поднесена е пријава со наводи за неправилности сторени од страна на повеќе лица кои наводно се работно ангажирани за потребите на ЈЗУ Центар за јавно здравје /// и оформен е предмет број 12-4398/1 од 28.12.2020 година.

Во пријавата подносителот посочува повеќе лица кои наводно се вработени/ работно ангажирани од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје ///. Притоа, подносителот укажува на поврзаност на дел од вработените/ ангажираните физички лица со правни лица во приватна сопственост, и притоа бара ДКСК да ја испита работата на наведените физички лица, нивните приходи и деловната поврзаност со посочените правни лица.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи, при што нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за

наводите во пријавата по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Катица Николовска**